Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

# Проектна задача

Предмет:

Медиуми и комуникации

Тема:

# Cyberbullying – Насилство на интернет




**Изработиле:**

Ивана Димтировска 203084

Ангела Јовановска 203147

Александра Димитриеска 203080

Теона Данева 203011

Мај, 2022

## 1. Мотив за проектната задача

**Зошто е овој проект потребен за сите?**

Секојдневно се соочуваме со се повеќе жртви на насилство на интернет, односно Cyberbullying, како што е познато кај сите. Најчесто младите и тинејџерите се соочуваат со овој проблем, кој што може да заврши многу фатално. Запознаени сме со многу случаеви, каде што лицата врз кои се применува Cyberbullying се доведуваат и до тој степен, да има нарушување на нивната психо-физичка состојба. Cyberbullying-от е причина и доведува до поголем степен на анксиозност и депресија кај лицата, затоа треба да ја подигнеме свеста кај сите за неговото влијание значително да се намали. Интернетот во денешно време е најкористена алатка од страна на секој човек, со оглед на тоа треба правилно да ги користиме неговите можности и тоа да не го злоупотребуваме, наштетувајќи на некого. Затоа ја избравме токму оваа тема, за да ја намалиме застапеноста на Cyberbullying-от и колку што можеме да помогнеме на лицата кои се соочиле со овој проблем.



Сл.1 Личност која се соочува со негативни коментари на социјални мрежи

**Која е неговата цел?**

Негативните коментари на социјалните мрежи, особено кај лицата од женскиот пол, се многу честа појава на нивните објави на Instagram, што доведува до непосакувано менување на нивниот физички изглед. Исто така лицата на кои влијаат негативните коментари се осврнуваат кон нив и слепо веруваат на нив, со што тие ги менуваат погледите кон животот, а тоа може да доведе до многу пофатални последици. Сакајќи да го избегнеме влијанието на навредливите коментари, покренавме иницијатива за нивно спречување, бидејќи само еден лош збор може да промене човечки живот.

## 2. Хештаг

#stopcyberbullying

#СтопЗаНасилството

-Со помош на овој хештаг сакаме да ја поттикниме свеста за влијанието на Cyberbullying-от врз животот на младите и нивниот понатамошен развој.

## 3. Твит за проектот

**Линк од објавата на Twitter:**

https://twitter.com/Angela32485049/status/1527279564493230081




Сл.2 Објава на Твитер

# 4. Хипотези

### Хипотеза 1:

Жените ќе пријават дека биле жртви на Cyberbullying почесто од мажите. Жените би биле под поголемо и негативно психо-социјално влијание од Cyberbullying во споредба со мажите.

-Со оваа хипотеза претпоставуваме дека женскиот пол почесто е мета на cyberbullying за разлика од машкиот.

### Хипотеза 2:

Cyberbullying-от има поголемо влијание врз менталното здравје, отколку физичкото малтретирање.

-Со оваа хипотеза сакавме да го потврдиме нашето мислење  преку анкетираните испитаници и да го увидиме нивното мислење.

### Хипотеза 3:

Врз младите на возраст од 18 до 25 години, многу влијаат навредливите коментари на нивните фотографии на Instagram и на нивното психичко здравје.

-Со оваа хипотеза правиме претпоставка дека тинејџерите се група која што е поранлива и почувствителна кога станува збор за cyberbullying.

### Хипотеза 4:

Личните податоци објавени на интернет кои се неопходни при креирање на некоја сметка на интернет како телефонски број, емаил адреса, место на живеење се злоупотребени и искористувани без дозвола и уцените кои што се упатени негативно влијаат на нашата психичка состојба.

-Претпоставуваме дека нашата психичка состојба ќе се наруши доколку ние или некој наш близок се соочи со злоупотреба на податоците
кои се објавени на интернет.

# 5. Модел на хипотези

-Моделот на хипотези го составивме според резултатите од анкетата




Сл.3 Модел на хипотези

# 6. Анкета

Спроведена е анкета на која одговорија 145 испитаници од кои поголемиот дел се студенти при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, но има и испитаници и од средните училишта.

1. ВОЗРАСТ

Анкетата ја спроведовме во рамките на нашиот факултет и затоа 53.8% од одговорите припаѓаат во возрасната група 18-25 години. Но, бидејќи сакавме диверзитет и во одговорите анкетата, како и да ја провериме свесноста за cyberbullying-от анкетата ја спроведовме и во средните училишта во Скопје и затоа 29% од одговорите припаѓаат во возрасната група од 14-17години.




Сл. 4 Слика од резултати од второто прашање од анкетата

2. ПРАШАЊЕ ЗА CYBERBULLYNG

Ова прашање ни е од особена важност бидејќи сакавме да провериме за тоа колку нашите испитаници се запознаени со cyberbullying-от и дали некој од нив бил жртва или познавал жртва од cyberbullying. 41.7% одговориле дека познаваат, 38.2% не познаваат и 20.1% кои не знаат. Алармантна е бројката на тоа дека 20.1% односно приближно ¼ од нашите испитаници да не знаат или не се сигурни дали некој нивен близок е жртва. Со намалувањето на овој процент би се кренало свесноста за штетните влијание и помагање на жртвите од cyberbullying.




Сл. 5 Слика од резултати од третото прашање од анкетата

3. Доколку некој ни упати навредлив коментар на некоја социјална мрежа претпоставуваме дека никој од нас нема да остане рамнодушен, но не би вовеле некоја промена кај себе да го промениме тој недостаток. Нашата претпоставка се покажува како точна. 45.8%, што претставува приближно половина од испитаниците кои одговорија на нашата анкета, се изјасниле дека навредливи коментари на нивните објави  нема да влијаат на нив и да предизвикаат да превземат некој подвиг да го сменат својот изглед, но нема да ги остави рамнодушни. Во голем процент е и бројот на испитаници на кој воопшто нема да им влијае негативниот коментар кој ќе го прочитаат за себе односно на 33.8% од вкупниот број на испитаници. Во помал дел припаѓаат испитаниците кои не знаат како ќе им влијаат негативните коментари, оние кои нема да го сфатат сериозно негативниот коментар, но овде е и групата која што се изјаснила дека целосно ќе се води и ќе ги прифати критиките од тој коментар.




Сл. 6 Слика од резултати од четвртото прашање од анкетата

4. На прашањето дали навредливите коментари негативно би влијаеле врз нашето расположение мала е разликата меѓу испитаниците кои одговориле дека воопшто нема да им влијаат негативностите кои ќе ги добијат преку некој коментар на интернет односно 37.6% од вкупниот број на испитаници и испитаниците кои одговориле дека во иднина ќе размислат пред да објават некоја објава јавно односно 36.9%. 15.6% се изјасниле дека ваквите коментари негативно ќе им влијаат бидејќи се поставени јавно и ќе бидат прегледани од голем број на корисници на таа социјална мрежа.

Само на мал процент од вкупните испитаници ваквите коментари би предизвикале да ги избришат своите објави и целосно да се повлечат од социјалните мрежи.




Сл. 7 Слика од резултати од петтото прашање од анкетата

5. Бидејќи cyberbullying-от е еден од најголемите проблеми на денешницата. Ова прашање го спроведовме со цел да дознаеме дали полот на личноста има врска за тоа колкаво влијание една личност би имала. Тука наидовме на диверзно мислење со скоро подеднаков процент на одговорите меѓу испитаниците. 34.8% сметаат дека женскиот пол најчесто и најмногу влијание има од cyberbullying-от, 33.7% сметаат дека полот воопшто не влијае, 31.5% не се сигурни во одговорот но, сметаат дека женскиот пол има поголемо влијание. Со различното мислење за ова прашање во анкетата можеме да заклучиме дека не постои една жртва односно еден пол што е жртва, двата пола може да се жртви и влијанието е подеднакво штетно.




Сл. 8 Слика од резултати од шестто прашање од анкетата

6. Ова прашање е едно од круцијалните прашања во нашата анкета. Иако нашата тема е за cyberbullying, сепак не треба да ги игнорираме разните форми на насилство (пример традиционалното) што се случуваат околу нас. Според резултатите од спроведената анкета на прашањето согледуваме дека 55.6% од испитаниците сметаат дека и двете форми на насилство се случуваат и нивниот ефект е подеднакво штетен. Традиционалното односно физичкото насилство е присутно(со увид на одговорите) и тоа може да ескалира од cyberbullying. 37.8% од испитаниците веруваат со тоа што интернетот е проширен насекаде тоа му дава поголема причина за cyberbullying-от да има поголема опфатност и поголемо влијание. Интернетот овозможува секој што е позади електронски уред да упати грди зборови кон некој друг.




Сл. 9 Слика од резултати од седмото прашање од анкетата

7. Ова прашање ни од голема важност бидејќи со него согледуваме колку од нашите испитаници внимавале додека ја потполнувале анкетата, а со тоа и колку нашата анкета е релевантна во однос на одговорите. Со третото прашање “Дали на тебе или некој твој близок му/и се случило cyberbullying?” резултатот е 41.7%(ДА), 38.2%(НЕ),20.1(НЕ ЗНАМ). Во ова прашање 42.7% одговориле со “Да” а тоа значи дека не биле или немаат некој близок што е жртва на насилство, 10.1% со “Не” биле жртва или познавале некој близок што е жртва и 47.2% дека не знаеле со сигурност да одговорат. Со споредба на претходното прашање може да заклучиме дека анкетата ни е релевантна и испитаниците внимавале додека одговарале.




Сл. 10 Слика од резултати од деветто прашање од анкетата

8. Злоупотребата на податоци е секојдневност во ова современо општество каде функционираме online. Ликертовата скала покажува дека оваа теза ја потврдиле 23 испитаници односно 16.3% од вкупниот број на испитаници, се покажува дека помал дел од испитаниците се соочиле со злоупотреба на нивните податоци и нивно недозволено превземање. Поголем број од испитаниците , или 52.5%, не се соочиле со злоупотреба на податоци, односно никој недозволено не ги превзел неговите лични податоци.




Сл. 11 Слика од резултати од десеттото прашање од анкетата

9. Доколку се случи превземање на личните податоци од некоја сметка на интернет може да се случи да Ве уценуваат за да ги вратите назад.

вашите податоци. Со ова прашање се отфрла нашата хипотеза.

Најголем дел од испитаниците негативно одговорија на ова прашање односно 67.9% од испитаниците никогаш не биле уценувани за да ги добијат

своите лични податоци. Само 6 испитаници се соочиле со некакви уцени, барања и услови при недозволено превземање на лични податоци.




Сл. 12 Слика од резултати од единаесто прашање од анкетата

10. Во денешно време Cyberbullying се врши повеќе на женски лица отколку на машки.

Во ова прашање со ликертовата скала целта ни беше да ја потврдиме нашата хипотеза, тоа дека женскиот пол е подлежен на почест cyberbullying отколку машкиот пол. Со ова прашање се прифаќа нашата хипотеза. 39 испитаници односно 27.7% потполно се согласуваат со тоа и 22 испитаници односно 15.6% се согласуваат. 27 испитаници од 19.1% воопшто не се согласуваат и 10 испитаници односно 7.1% не се согласуваат, додека пак 23.6% се наоѓаат на средината.




Сл. 13 Слика од резултати од дванаесто прашање од анкетата

**Како е применета Ликертовата скала?**

Оваа врста на скала која се состои од низа на тврдења за некој аспект и ставови ја искористивме во нашата анкета, поточно прашањата: Дали некогаш Ви ги презеле информациите од некоја сметка на интернет? (на скала од 1-5). Таа се користи за откривање колку често некој ги искористил нечии податоци без негова дозвола од “Никогаш или еднаш” до “Повеќе од пет пати”; Дали некој што ги презел вашите лични податоци без ваша дозвола Ве уценувал со одредени барања? (на скала од 1-5), притоа со ова прашање сакавме да дознаеме колку често некој бил уценуван, чијшто податоци биле злоупотребени од “Никогаш или еднаш” до “Повеќе од пет пати”; Во денешно време Cyberbullying се врши повеќе на женски лица отколку на машки. (на скала од 1-5), притоа сакавме да дознаеме дали испитаниците мислат дека Cyberbullying се врши повеќе на женски лица, од “Воопшто не се согласувам” до “Потполно се согласувам”. Поставивме прашања кои ни помогнаа во врска со хипотезите и ни даде до знаење дали испитаниците го делат истото мислење со нас, дали да ја поставиме таа хипотеза или не.




Сл.14 Ликертова скала како неизбежен дел од нашата анкета

# 7. Анализа на резултатите

**Анова анализа и дискусија за хипотезите**

-Во современите деловни примени на статистичките анализи постојат бројни ситуации кои бараат споредби на разликите во варијабилитетот на две основни маси врз основа на случајно избрани примероци, односно значајноста на разликите меѓу варијансите на независно избрани примероци. Истовремено, со една постапка за да ја испитаме еднаквоста на аритметичките средини на повеќе маси го користиме статистичкиот метод кој се нарекува анализа на варијанса (во литературата познат како ANOVA). Таа спаѓа во параметарски статистички методи.

# Хипотеза 1:

Жените ќе пријават дека биле жртви на Cyberbullying почесто од мажите. Жените биле под поголемо и негативно психо-социјално влијание од Cyberbullying во споредба со мажите.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хипотеза 2 | Воопшто не се согласувам | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Потполно се согласувам |
| | | | | | | | | |
| Машки | | | 20 | 5 | 13 | 4 | 5 | |
| Женски | | | 7 | 4 | 30 | 17 | 34 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Anova: Single Factor | | | | | | |
| | | | | | | |
| SUMMARY | | | | | | |
| *Groups* | *Count* | *Sum* | *Average* | *Variance* | | |
| 1 | 2 | 27 | 13.5 | 84.5 | | |
| 2 | 2 | 9 | 4.5 | 0.5 | | |
| 3 | 2 | 43 | 21.5 | 144.5 | | |
| 4 | 2 | 21 | 10.5 | 84.5 | | |
| 5 | 2 | 39 | 19.5 | 420.5 | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| ANOVA | | | | | | |
| *ce of Varia* | *SS* | *df* | *MS* | *F* | *P-value* | *F crit* |
| Between G | 378.4 | 4 | 94.6 | 0.643975 | 0.654664 | 5.192168 |
| Within Grc | 734.5 | 5 | 146.9 | | | |
| | | | | | | |
| Total | 1112.9 | 9 | | | | |

Сл.15 Анова анализа за хипотеза 1

Приближно 42% од испитаниците одговориле дека се согласуваат, односно потполно се согласуваат дека жените се поголема мета на Cyberbullying. 30.5% од испитаниците мислат дека тоа е подеднакво, односно колку што жените се под влијание на Cyberbullying, толку се и мажите, но 26.2% од испитаниците не се согласуваат со тоа или потполно не се согласуваат. Со тоа согледуваме дека процентот на испитаници кои се согласуваат е поголем од тие кои не се согласуваат. Заклучокот е дека ја прифаќаме оваа хипотеза.

## Хипотеза 2:

Cyberbullying-от има поголемо влијание врз менталното здравје, отколку физичкото малтретирање.

| | физичкото малтретирање е најмногу применувано | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | cyberbullying-от е најмногу применуван |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10-13 години | | 1 | 3 | 2 | 0 | 2 | |
| 14-17 години | | 2 | 1 | 13 | 10 | 15 | |
| 18-25 години | | 3 | 7 | 22 | 30 | 13 | |
| над 25 | | 3 | 0 | 3 | 7 | 4 | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Anova: Single Factor | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | |
| 3 | SUMMARY | | | | | | | |
| 4 | *Groups* | *Count* | *Sum* | *Average* | *Variance* | | | |
| 5 | 1 | 4 | 9 | 2.25 | 0.916667 | | | |
| 6 | 2 | 4 | 11 | 2.75 | 9.583333 | | | |
| 7 | 3 | 4 | 42 | 10.5 | 105.6667 | | | |
| 8 | 4 | 4 | 46 | 11.5 | 153.6667 | | | |
| 9 | 5 | 4 | 33 | 8.25 | 38.91667 | | | |
| 10 | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | |
| 12 | ANOVA | | | | | | | |
| 13 | *rce of Varia* | *SS* | *df* | *MS* | *F* | *P-value* | *F crit* | |
| 14 | Between G | 298.7 | 4 | 74.675 | 1.209312 | 0.347683 | 3.055568 | |
| 15 | Within Grc | 926.25 | 15 | 61.75 | | | | |
| 16 | | | | | | | | |
| 17 | Total | 1224.95 | 19 | | | | | |
| 18 | | | | | | | | |
| 19 | | | | | | | | |
| 20 | | | | | | | | |
| 21 | | | | | | | | |
| 22 | | | | | | | | |

Сл.16 Анова анализа за хипотеза 2

57.4% од испитаниците одговориле дека физичкото малтретирање во одредени ситуации се заменува и е помалку применувано отколку Cyberbullying-от со оглед на брзиот развој на технологијата. Значи дека испитаниците се согласуваат, односно потполно се согласуваат со тоа. Оваа хипотеза ја прифаќаме, бидејќи многу поголем дел од испитаниците одговориле дека Cyberbullying е многу почеста појава.

## Хипотеза 3:

Врз младите на возраст од 18 до 25 години, многу влијаат навредливите коментари на нивните фотографии на Instagram и на нивното психичко здравје.

| Хипотеза 1, Прашање 1 | Не, воопшто тоа нема да влијае на мене | Не, но сепак нема да бидам рамнодушен/на | Можеби | Да, но нема тоа да го сфатам премногу сериоз | Да, целосно би се водел/а според критиките на коментарот |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 -13 години | 3 | 2 | 0 | 1 | 2 |
| 14 - 17 години | 12 | 24 | 2 | 3 | 1 |
| 18 - 25 години | 27 | 34 | 7 | 7 | 0 |
| над 25 години | 6 | 5 | 4 | 1 | 1 |

Anova: Single Factor

SUMMARY

| Groups | Count | Sum | Average | Variance |
|---|---|---|---|---|
| Не, воопш | 4 | 48 | 12 | 114 |
| Не, но сеп | 4 | 65 | 16.25 | 234.9167 |
| Можеби | 4 | 13 | 3.25 | 8.916667 |
| Да, но нем | 4 | 12 | 3 | 8 |
| Да, целос | 4 | 4 | 1 | 0.666667 |

ANOVA

| ce of Varia | SS | df | MS | F | P-value | F crit |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Between G | 706.3 | 4 | 176.575 | 2.408936 | 0.095218 | 3.055568 |
| Within Grc | 1099.5 | 15 | 73.3 | | | |
| | | | | | | |
| Total | 1805.8 | 19 | | | | |

Сл.17 Анова анализа за хипотеза 3

~52% од испитаниците се на возраст од 18 до 25 години, а од тие испитаници (61) одговориле дека нема воопшто нема да влијаат навредливите коментари на нивните фотографии или дека нема да

влијаат, но сепак нема да бидат рамнодушни. Со ова не се потврдува нашата прва хипотеза, односно ја отфрламе. Навистина бевме позитивно изненадени од резултатите.

## Хипотеза 4:

Личните податоци објавени на интернет кои се неопходни при креирање на некоја сметка на интернет како телефонски број, емаил адреса, место на живеење се злоупотребени и искористувани без дозвола и уцените кои што се упатени негативно влијаат на нашата психичка состојба.

| Хипотеза 3 | Никогаш или еднаш | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Повеќе од пет пати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10-13 години | | 4 | 2 | 1 | 1 | 0 | |
| 14 -17 години | | 31 | 2 | 6 | 1 | 1 | |
| 18-25 години | | 48 | 8 | 13 | 2 | 3 | |
| над 25 години | | 12 | 1 | 1 | 1 | 2 | |

Anova: Single Factor

SUMMARY

| *Groups* | *Count* | *Sum* | *Average* | *Variance* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 | 95 | 23.75 | 389.5833 |
| 2 | 4 | 13 | 3.25 | 10.25 |
| 3 | 4 | 21 | 5.25 | 32.25 |
| 4 | 4 | 5 | 1.25 | 0.25 |
| 5 | 4 | 6 | 1.5 | 1.666667 |

ANOVA

| *rce of Varia* | *SS* | *df* | *MS* | *F* | *P-value* | *F crit* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Between G | 1444 | 4 | 361 | 4.158986 | 0.01834 | 3.055568 |
| Within Grc | 1302 | 15 | 86.8 | | | |
| | | | | | | |
| Total | 2746 | 19 | | | | |

Сл.18 Анова анализа за хипотеза 4

67.9% од испитаниците одговориле дека до сега не им се случило нивните лини податоци да бидат злоупотребени, односно искористени без нивна дозвола. Значи оваа хипотеза ја отфрламе, што е многу позитивно.